РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# Билтен на месечни активности за месец октомври 2022

Ноември, 2022

Содржина

Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ..... 1

Испит за административно управување ..... 2

Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ..... 3

Соработка со други институции и меѓународна соработка ..... 4

Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса ..... 4

Јавни набавки ..... 5

Реализација на буџет ..... 6

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Во Агенцијата за администрација во месец октомври 2022 година примени се 100 барања за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници, запрени се 3 барања, објавени се 98 огласи, за вкупно 209 работни места за вкупно 218 извршители. За институциите од централната власт објавени се 74 јавни огласи за 178 работни места со 187 извршители, додека за институции од локалната власт објавени се 24 јавни огласи за 31 работни места со 31 извршители.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | Вкупно | Институции од централната власт | | | | | Институции од локалната власт | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| 100 | 3 | 98 | | 74 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 24 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 209 | | 12 | 98 | 68 | 178 | | 7 | 14 | 10 | 31 |
| Извршители | | | 218 | | 12 | 104 | 71 | 187 | | 7 | 14 | 10 | 31 |
| Број на пријавени кандидати | | | 984 | | 80 | 663 | 182 | 925 | | 2 | 44 | 13 | 59 |
| Завршиле со објавување на Одлука за избор | | | 48 | 40 | 11 | 102 | 12 | 125 | 8 | 2 | 5 | 4 | 11 |

*Табела 1. Јавни огласи октомври 2022*

Во истиот период октомври 2022 година спроведени се 72 административни селекции за пријавени 1199 кандидати, спроведени се 59 испити на кои што се поканети 600 кандидати, од кои полагале 310 кандидати, проверки на веродостојност на докази и интервју се спроведени на 50 огласи за 350 кандидати. Интервју е спроведено на 50 огласи со вкупно 236 кандидати. Изработени се конечни ранг листи за 50 огласи и предлог за избор на 223 кандидати, а од 48 спроведени огласи објавени се вкупно 136 одлуки за избор на кандидати за вработување.

| Административни селекции | | Спроведени Испити | | | Спроведени проверки на веродостојност на докази | | Интервју | | Конечни ранг листи | | Примени и објавени Одлуки за избор | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| огласи | кандидати | огласи | кандидати | | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати |
| | | | поканети | полагале | | | | | | | | |
| 72 | 1199 | 59 | 600 | 310 | 50 | 350 | 50 | 236 | 50 | 223 | 48 | 136 |

*Табела 2. Спроведени активности по огласи октомври 2022*

Во Агенцијата за администрација во месец октомври 2022 година примени се 22 барања за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници, запрени се 2 барања, објавени се 22 огласи, за вкупно 53 работни места за 53 извршители. За институциите од централната власт објавени се 8 интерни огласи за 18 работни места со 18 извршители, додека за институциите од локалната власт објавени се 14 интерни огласи за 27 работни места со 27 извршители.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | Вкупно | Институции од централната власт | | | | | Институции од локалната власт | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| 22 | 2 | 22 | | 8 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 14 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 53 | | 18 | 7 | 1 | 26 | | 14 | 6 | 7 | 27 |
| Извршители | | | 53 | | 18 | 7 | 1 | 26 | | 14 | 6 | 7 | 27 |

*Табела 3. Интерни огласи октомври 2022*

## Испит за административно управување

Во текот на месец октомври 2022 година спроведени се 6 испити за административно управување на кои се пријавиле 75 кандидати. Од нив на испитот се појавија 53 кандидати од кои испитот го положиле 39 кандидати (74%), а не го положиле 14 кандидати. Од кандидатите кои што се пријавени 49 се вработени во јавен сектор, 15 во приватен и 11 се невработени.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | Положиле | Неположиле | Јавен сектор | Приватен сектор | Невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | 75 | 53 | 39 | 14 | 49 | 15 | 11 |

*Табела 4. Административно управување октомври 2022*

## Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на месец октомври 2022 година беа поднесени 22 жалби и приговори на административните службеници, од кои 16 жалби и приговори на државните службеници и 6 жалби и приговори на јавните службеници.

Во месец октомври во просториите на Агенцијата за администрација беа одржани 7 седници, на кои беше одлучено по 21 жалби и приговори, од кои 19 жалби и приговори на државните службеници, а 3 на јавните службеници. Поради барање на дополнителни податоци и одредени списи, 8 предмети, оформени во месец октомври преминуваат во месец ноември 2022 година.

Од вкупниот број на одлучени жалби и приговори на државните службеници (вкупно 19): 10 жалби се одбиени, 6 жалби се уважени, 1 жалба е мериторно одбиена и отфрлени 2 жалби.

Од вкупниот број на одлучени жалби и приговори на јавните службеници (вкупно 3): 2 жалби се одбиени и 1 жалба е уважена;

| Број на примени жалби и приговори | | Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј) | | Уважени | | Одбиени | | Отфрлени како недозволени | | Отстапени на друг орган | | Повлечени од подносител | | Не надлежност | | Мериторно уважени | | Мериторно одбиени | | Запрена постапка | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 16 | 6 | 19 | 3 | 6 | 1 | 10 | 2 | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | / | / | / |

*Табела 5. Обработени жалби во октомври 2022*

## Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец октомври 2022 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 13 предмети од кои 5 се однесуваа на тековното работење на Агенцијата за администрација, а останатите 8 предмети се поврзани со надлежностите на Агенцијата, а се доставени од државни институции, судови, граѓани и други, и тоа: Влада на Република Северна Македонија - Генерален секретаријат (1); Државно правобранителство на Република Северна Македонија (3); Управен суд (3) и Граѓани (1).

Во текот на месец октомври 2022 година, вработени од Агенцијата присуствуваа на:

- Присуство на завршна конференција за ЕУ твининг-проектот „Поддршка во спроведувањето на модернизираната правна рамка за заштита на лични податоци“, реализирана на 07.10.2022 година во х.Мериот, по покана од Агенција за заштита на лични податоци;

- Присуство на Конференција организирана од 4sec на тема #THE300MINUTES, реализирана во h.Duble Hilton, на 13.10.2022 година;

- Присуство на Визионерска работилница на тема: „Јавни институции“, дел од развојот на Националната развојна стратегија на државата (2022-2042), реализирана на 31.10.2022 година во х. Александар Палас, по покана од страна на тимот на Creating Future Together;

- Присуство на организирана јавна расправа за предлог текстот на Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административни службеници, реализирана на 31.10.2022 година, во Клуб на пратеници-Скопје, по покана на Министерство за информатичко општество и администрација.

## Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата пристигнати се вкупно 37 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои одговорени се 15 електронски пораки, неодговорени 1, а за 21 електронски пораки е постапено согласно дадени насоки од надлежното раководно лице.

# Јавни набавки

Во текот на месец октомври 2022 година, донесени се 2 Одлуки за јавни набавки, објавени се 2 огласи на ЕСЈН, донесени се 2 Одлуки за избор и склучени се 2 договори за јавна набавка со вредност од 384.646,00 денари без ДДВ или 433.628,00 денари со вклучен ДДВ.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|
| 2 | 2 | 2 | 2 |

*Табела 6. Јавни набавки октомври 2022*

# Реализација на буџет

Во месец октомври 2022 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 2022 година | Реализација на буџетот до 31.10.2022 | Реализација на буџетот од 01.10.2022 – 31.10.2022 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2022 |
|---|---|---|---|---|
| **401- основни плати** | 22.300.000,00 | 18.344.555,00 | 1.769.277,00 | 3.955.445,00 |
| **402-придонеси за социјално осигурување** | 8.680.000,00 | 7.137.932,00 | 688.037,00 | 1.542.068,00 |
| **420-патни и дневни расходи** | 105.000,00 | 74.867,00 | 16.603,00 | 30.133,00 |
| **421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | 4.840.000,00 | 3.323.809,00 | 483.860,00 | 1.516.191,00 |
| **423-материјали и ситен инвентар** | 555.000,00 | 296.027,00 | 12.996,00 | 258.973,00 |
| **424-поправки и тековно одржување** | 1.690.000,00 | 1.210.697,00 | 195.115,00 | 479.303,00 |
| **425-договорни услуги** | 1.097.000,00 | 461.514,00 | 60.981,00 | 635.486,00 |
| **426-други тековни расходи** | 400.000,00 | 196.807,00 | 14.848,00 | 203.193,00 |
| **464-разни трансфери** | 364.000,00 | 362.996,00 | 0 | 1.004,00 |
| **480-купување на опрема и машини** | 645.000,00 | 549.620,00 | 0 | 95.380,00 |
| **485-вложување и нефинансиски средства** | 2.800.000,00 | 995.031,00 | 0 | 1.804.969,00 |
| ВКУПНО | **43.476.000,00** | **32.953.855,00** | **3.241.717,00** | **10.522.145,00** |

*Табела 6. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*